Република Македонија
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Скопје, мај 2015 година**

I ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008,161/2008 и 145/2010) се уредени мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва.

Согласно член 33 од Законот, избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, кој го доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата и до Управата за јавни приходи.

Податоците од анкетниот лист претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон и истите се објавуваат на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно член 50-а од Законот, одредбите од Законот за спречување на корупцијата кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, кои анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба ги доставуваат до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.

Ваквата законска поставеност утврдува обврска на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата само за доставување на анкетните листови до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, но нема прецизно утврдена обврска за нивно објавување на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

За да се осигури почитување на јасно утврдената законска обврска за доставување и објавување на анкетните листови и на пријавата за промена на имотната состојба од страна на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, се предлага прецизно уредување на обврска на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата за доставување на нивните анкетни листови до Државната комисија за спречување на корупцијата заради објавување, како и утврдување на одговорност за непочитување на законската обврска.

Согласно член 35 од Законот за спречување на корупцијата, податоците од анкетниот лист се објавуваат на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата. И покрај оценката на Државната комисија за спречување на корупцијата за значителен пораст на поднесувањето на анкетните листови од избраните и именуваните лица, сепак, постои проблем во имплементацијата на одредбата од член 35 од Законот, следствено и во механизмот на управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси, поради тоа што не постои регистар на избрани и именувани лица и не се располага со целосна информација за точниот број на избрани и именувани лица кои имаат обврска да пополнат анкетен лист. И покрај можноста Државната комисија за спречување на корупцијата да ги користи решенијата за избор, именување и разрешување кои што се објавуваат во “Службен весник на Република Македонија”, истото не е доволно за евидентирање и следење на евентуален судир на интереси или неспојливост на функции, од причина што решенијата за именување не ги содржат сите суштествени податоци.

Непрецизно дефинираниот опфат на лицата кои имаат законска обврска да достават анкетен лист и изјава за интереси го ограничуваат механизмот на проверка на почитувањето на законската обврска за доставување анкетен лист и изјава за интереси, транспарентност и отчетност.

Од овие причини потребно е воведување на инструмент кој прецизно ќе го дефинира опфатот и ќе ја утврди листата на лица кои имаат законска обврска да достават анкетен лист и изјава за интереси.

Регистарот на избрани и именувани лица претставува инструмент кој се користи, односно е во процес на имплементација во земјите во кои избраните и именуваните лица имаат обврска за пријавување на имотната состојба и судирот на интереси, со цел да се обезбеди ефикасен механизам за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и на тој начин да се обезбеди целосна и неселективна примена на одредбите кои ја пропишуваат оваа обврска.

Со воведувањето на Регистарот на избрани и именувани лица ќе се унапреди механизмот на системот за управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси и на тој начин ќе се имплементираат соодветните препораки на Европската комисија од Извештајот за прогресот на Република Македонија, 2014 година.

Со измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата се пропишува основ за воведување Регистар на избрани и именувани лица (кој ќе биде поблиску уреден со подзаконски акт), со цел со воспоставувањето на Регистарот да се унапреди управувањето со податоците за имотната состојба и судирот на интереси согласно закон, а да се утврди обврската за доставување на анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата за објавување, така што членовите ќе доставуваат примерок од анкетните листови/пријавите за промена на имотната состојба до Државната комисија за спречување на корупцијата заради објавување, а ќе се уреди и прашањето за утврдување законска одговорност на член на Државната комисија во случај на недоставување анкетен лист односно пријава за промена на имотната состојба заради објавување.

Воведувањето на Регистарот и утврдувањето на обврска за доставување за објавување на анкетниот лист на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и утврдување на одговорност за непочитување на законската обврска ќе придонесат за поефикасно остварување на надлежностите на Државната комисија и унапредувањето на транспарентноста, отчетноста и примената на Законот за спречување на корупцијата согласно неговите цели и начела.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за спречување на корупцијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот не се потребни финансиски средства .

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08 и 145/10), во член 17 во ставот (3) зборот „кој“ се заменува со зборот „кое“.

Член 2

Во член 29 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Избрано или именувано лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на член на неговото семејство во органот во кој е избрано или именувано, или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано односно именувано.“

Член 3

Во член 33 ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3) .

Член 4

Во член 33-а ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5) .

Член 5

Во член 33-б по зборовите „анкетниот лист“ се додаваат зборовите „и на образецот за пријавување промена во имотната состојба“.

Член 6

Насловот на член 35 се менува и гласи:

„Јавност на анкетниот лист и на пријавата за промена во имотната состојба“

Член 7

Во член 35 во ставот (1) по зборовите „анкетниот лист“ се додаваат зборовите „и од пријавата за промена во имотната состојба“.

Во ставот (2) по зборовите „анкетните листови“ се додаваат зборовите „и од пријавите за промена во имотната состојба“.

Член 8

По членот 35 се додаваат четири нови членови 35-а, 35-б, 35-в и 35-г, кои гласат:

„ **Заштита на личните податоци**

Член 35-а

(1) Личните податоци кои се собираат во примената на одредбите од овој закон, се обработуваат и чуваат правично и соодветно за конкретни и јасни цели утврдени во одредбите од овој закон.

(2) Личните податоци од ставот (1) на овој член, се чуваат во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци.

(3) Личните податоци од ставот (1) на овој член, се чуваат не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка согласно одредбите од овој закон.

(4) По барање на субјектот на лични податоци, Државната комисија е должна да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со закон.

(5) Во содржината на барањето од ставот (4) на овој член субјектот на лични податоци наведува за кои податоци се бара дополнување, изменување, бришење или сопирање на користењето на лични податоци и доколку се бара дополнување или изменување, се наведуваат и податоците со кои треба да се изврши дополнувањето или изменувањето.

(6) Во случај кога ќе се утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, Државната комисија презема мерки истите да се дополнат, изменат или избришат, независно од тоа дали субјектот на лични податоци има поднесено барање за дополнување или изменување на личните податоци.

(7) За извршеното дополнување, изменување или бришење на личните податоци, согласно ставот (4) на овој член, Државната комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето писмено го известува субјектот на лични податоци, корисниците на личните податоци или третите лица на кои им се откриени личните податоци согласно закон.

**Регистар на избрани и именувани лица**

Член 35-б

(1) Државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал (во натамошниот текст : Регистарот).

(2) Регистарот претставува единствена база на податоци за избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал.

Член 35-в

(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2) Податоците од Регистарот кои не се заштитени со закон се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

Член 35-г

(1) Раководните лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања или од нив овластени лица се должни податоците за лицата од член 33 став (1) од овој закон со пополнување на образец да ги достават до Државната комисија без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот, односно именувањето, како и по престанокот на функцијата односно должноста на избраното односно именуваното лице.

(2) Државната комисија е должна податоците за лицата од член 33 став (1) од овој закон да ги внесе во Регистарот во рок од 15 дена од денот на нивниот прием.

(3) Евидентираните податоци за лицата од член 33 став (1) од овој закон и документацијата приклучена кон нив се чуваат согласно закон.

(4) Податоците од став (3) на овој член внесени во Регистарот во електронска форма, се бришат по службена должност по истекот на рокот од десет години по престанокот на вршењето на функцијата на лицето на кое се однесуваат податоците.

(5) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член, како и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот ги пропишува Државната комисија.“

Член 9

Во член 43 во ставот (1) зборот „секој“ се заменува со зборот „секое“.

Член 10

Во член 49 став (1) во алинејата 8 зборовите „избраните и именуваните функционери“ се заменуваат со зборовите „избраните и именуваните лица“.

По алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:

„- води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал;“.

Член 11

Во член 50-а во ставот (1) по зборовите „Управата за јавни приходи“ точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а до Државната комисија заради објавување.“.

Член 12

По членот 63 се додаваат два нови члена 63-а и 63-б, кои гласат:

„Член 63-а

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на Државната комисија ако постапи спротивно на член 50-а став (1) од овој закон.

Член 63-б

„(1) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на институцијата или органот кој врши избори и именувања, односно на од него овластеното лице, ако постапи спротивно на член 35-г  од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на институцијата или органот кој врши избори и именувања."

Член 13

Во целиот текст на законот во било кој род и број зборовите „избран или именуван функционер" се заменуваат со зборовите „избрано или именувано лице".

Член 14

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон Државната комисија ќе го донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Одредбите од членовите 8 и 10 став 2 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Раководните лица на институциите и органите кои вршат избори и именувања или од нив овластените лица се должни во рок од 30 дена од отпочнувањето на примената на овој закон да ги достават до Државната комисија податоците од член 35-г став (2) за избраните и именуваните лица кои ја вршат функцијата или должноста и за избраните и именуваните лица чијашто функција или должност престанала.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата содржи 16 членови.

Со членовите 1, 2, 9, како и со член 10 став (1) од предложениот закон се врши терминолошко усогласување на текстот на Законот со членот 13 од предложената измена, така што во целиот текст на Законот во било кој род и број зборовите „избран или именуван функционер", се заменуваат со зборовите „избрано или именувано лице".

Со член 3 од предложениот закон се брише ставот (3) од член 33 од Законот за спречување на корупцијата, поради тоа што во неговата примена предизвикува нејаснотии и дупликација во доставувањето на известувањата за промена на функцијата и на анкетните листови.

Следствено, со член 4 од предложениот закон, поради тоа што во примената предизвикува нејаснотии и дуплирање во доставувањето на анкетните листови, се брише ставот (3) од членот 33-а.

Со членот 5 извршено е дополнување на членот 33-б од Законот, при што по зборовите „анкетниот лист" се додаваат зборовите „и на образецот за пријавување промена во имотната состојба". Ова поради потребата од јасно утврдување на основот и надлежноста за пропишување на содржината на образецот за пријавата за промена на имотната состојба, согласно член 34 од Законот за спречување на корупцијата.

Со членовите 6 и 7 од предложениот закон се врши изменување во членот 35 од Законот за спречување на корупцијата, а кои се логична последица на измената во член 33-б од Законот, со цел прецизирање на одредбата за јавност на податоците за имотната состојба и за настанати промени во имотната состојба.

Со членот 8 е утврдено додавање на четири нови членови 35-а, 35-б, 35-в и 35-г кои се однесуваат на воспоставување на начелото на доследна примена на личните податоци и воспоставување на Регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал. Исто така, утврдено е дека податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон и истите се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата. Во членот 35-г од предложениот член 8 на Законот е утврдена обврската на институциите и органите кои вршат избори и именувања да ги доставуваат податоците до Државната комисија за спречување на корупцијата, како и роковите за нивно доставување и објавување.

Со предложениот член 10 став (2) извршено е дополнување на членот 49 став (1) од Законот во кој се утврдени надлежностите на Државната комисија за спречување на

корупцијата, при што истите се надополнети и со надлежноста за водење на регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал.

Со членот 11 е уредена обврската на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата за доставување на анкетните листови покрај до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, и до Државната комисија за спречување на корупцијата, заради нивно објавување.

Со членот 12 од предложениот закон, во членот 63 се додаваат два нови членови 63-а и 63-б, во кои се утврдени прекршочни санкции за членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата за непочитување на обврските од 50-а став (1) од Законот, за доставување на анкетните листови до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, а до Државната комисија за спречување на корупцијата, заради нивно објавување и прекршочни санкции на лицата кои согласно предложениот нов член 35-г имаат обврска да достават до Државната комисија податоци за евидентирање во Регистарот на избрани и именувани лица .

Во членот 14 од предложениот закон е уреден рокот во кој Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го донесе правилникот со кој ќе се пропише формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот.

Рокот за примена на одредбите од членот 8 и членот 10 став (2) од предложениот закон е уреден со членот 15 .

Со членот 16 е уредено влегувањето во сила на предложениот закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Унапреден инструментариум за проверка на почитувањето на законската обврска за доставување анкетен лист и изјава за интереси, а следствено и унапредено управување со податоците за имотната состојба и судирот на интереси.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Анкетна комисија**

Член 17

(1) Дваесет пратеници во Собранието на Република Македонија можат да поставаат прашање за утврдување на одговорноста за корупција во која се вмешани избрани или именувани функционери, службени лица, одговорни лица во јавни претпријатија и во други правни лица што располагаат со државен капитал.

(2) Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен прашањето да го стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија на која по претходна расправа пратениците кои го поставиле прашањето ги образложуваат повредите на овој закон или на одредбите од Кривичниот законик и се формира анкетна комисија (во натамошниот текст: комисија).

(3) Комисијата е овластена да побара од секој орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал или политичка партија што има свој пратеник, односно пратеници во Собранието на Република Македонија да и ги достави сите потребни документи и други материјали важни за разјаснување на случајот и да повика на сослушување кој и да е избран или именуван функционер, службено лице, одговорно лице во јавно претпријатие, или во друго правно лице или одговорно лице на политичка партија.

(4) Одлуките што се однесуваат на преземање на определени дејствија во испитувањето на случајот се донесуваат со мнозинство гласови.

(5) Седниците на комисијата се јавни. Комисијата е должна на Собранието на Република Македонија да му поднесе извештај најдоцна во рок од 60 дена од нејзиното формирање. Ако не се постигнат усогласени ставови, извештајот ги содржи сите ставови на членовите на комисијата.

(6) Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен извештајот на комисијата да го стави на разгледување на првата седница на Собранието на Република Македонија од денот на неговото доставување. Извештајот се разгледува на јавна седница на Собранието.

(7) Не може да биде ставено на дневен ред на Собранието на Република Македонија повторно прашањето за одговорност за ист случај на исто лице, орган, јавно претпријатие или друго правно лице или политичка партија, пред истекот на шест месеца од завршувањето на расправата на порано поставеното прашање. Пратениците кои поставиле прашање за одговорност и не ги потврдиле своите наводи со приведување вистинити факти или доволно причини на верување во нивното постоење, не можат повторно да покренат прашање за одговорност пред истекот на шест месеци од денот на порано поставеното прашање.

**Забрана на влијание за вработување блиски роднини**

Член 29

(1) Избран или именуван функционерот не смее да врши влијание за вработување или унапредување на член на неговото семејство во органот во кој е избран или именуван, или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или

друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој функционерот е избран или именуван.

(2) Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена по извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

**Обврска за пријавување на имот**

Член 33

(1) Избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член кое во рок од 30 дена по престанокот на функцијата е избрано или именувано на иста или на друга функција е должно да ја извести Државната комисија за новиот избор или именување, а анкетниот лист од ставот (2) на овој член ќе се смета за анкетен лист доставен во рокот од ставот (1) на овој член.

(4) Лицето од ставот (1) на овој член, анкетните листови од ставовите (1) и (2) на овој член и изјавата од ставот (1) на овој член ги доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи.

Член 33-а

(1) Службено лице при вработувањето во државните органи, во општинската администрација и администрацијата на градот Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на вработувањето пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност, побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на вработувањето во органите од ставот (1) на овој член.

(3) За службеното лице од ставот (1) на овој член кое се вработува од еден во друг орган без објавување на јавен оглас, пополнетиот анкетен лист од ставот (2) на овој член ќе се смета за анкетен лист доставен во рокот од ставот (1) на овој член.

(4) Службеното лице од ставот (1) на овој член, анкетните листови од ставовите (1)

и

(2) на овој член ги доставува до органот во кој е вработено.

(5) Органот во кој службеното лице е вработено е должен анкетниот лист да го достави до Државната комисија по нејзино барање.

(6) Министерот за правда донесува акт за начинот на постапување со анкетните листови од овој член.

Член 33-б

Содржината и формата на образецот на анкетниот лист ги пропишува Државната комисија.

**Јавност на анкетниот лист**

Член 35

(1) Податоците од анкетниот лист претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2) Податоците од анкетните листови, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став (1) на овој закон, се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

**Вршење дискрециони овластувања**

Член 43

(1) Во вршењето дискрециони овластувања секој избран или именуван функционер или службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

(2) Граѓанин или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискреционо овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.

(3) Државната комисија е должна да ја разгледа претставката и во рок од 30 дена од нејзиниот прием да го извести физичкото или правното лице за постапувањето по претставката.

**Надлежност**

Член 49

(1) Државната комисија ги има следниве надлежности:

- донесува државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Акционен план за нејзино остварување;
- донесува годишни програми и планови за работа на Државната комисија;
- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;
- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатот и здруженијата на граѓани и фондации;
- покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни

претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал;

- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон;
- ја евидентира и следи имотната состојба и дополнителни и други профитни активности промените на имотната состојба и дополнителните профитни и други активности на избраните и именуваните функционери, и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, на начин утврден со овој закон;
- предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Собранието на Република Македонија потребни за нејзината работа;
- поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање;
- соработува со други државни органи во спречувањето на корупцијата;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречувањето на корупцијата;
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот;
- презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал и
- врши и други работи определени со закон.

(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати.

Член 50-а

(1) Членот на Државната комисија анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба ги доставува до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи.

(2) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членот на Државната комисија.

(3) Барање за испитување на имотната состојба на член на Државната комисија согласно со членот 36 од овој закон до Управата за јавни приходи може да поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.